ОПШТИНА
БЕРОВО

„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 08-1216/1
05.06 2019 год.
БЕРОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
ISO 9001:2015

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2019 ГОД. ЗА МЕСЕЦ МАЈ**

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од 01.05.2019 год. до 31.05.2019 год., во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од 4.682.979,00 денари и тоа по следните основи:

- Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 3% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште и - 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, регистрирани согласно со Законот за занаетчиската дејност, на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста - 146.471,00 ден.

- Уплати по основ на даноци на имот во износ од 732.773,00 ден.

- Уплати на такса за привремен престој, комунална такса за истакнување на фирми, реклами, комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација, одржување на уличното осветлување по основ на наплатените сметки на граѓаните за потрошена електрична енергија од страна на давателите на услуги, уплати за користење на јавната површина пред деловните простории и плоштади како и за платени комуналии од страна на ѓраѓаните и правните субјекти, комунален надоместок за уредување на градежно земјиште или се вкупно сума во износ од 1.167.142,00 ден.

- Уплати по основ на административни такси и други локални такси сума во износ од 36.910,00 ден.

- Уплати по основ на користење под закупнина на објекти во сопственост на општината сума во износ од 82.561,00 ден.

- Други неданочни приходи сума во износ од 47.638,00 ден.

- Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања сума во износ од 277.411,00 ден.

- Трансфер на средства од Буџетот на Р.С.М. по основ на 4,5% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година сума во износ од 2.192.073,00 ден.

ОПШТИНА
БЕРОВО

„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од 01.05.2019 год. до 31.05.2019 год., ОД Буџетот на Општина Берово потрошени се вкупно 4.749.197,00 ден. и тоа за следните намени:

- За исплата на плати на вработените во општината и во Домот за стари лица исплатена е сума во износ од 1.421.874,00 ден.
- За исплата на надомест на советниците исплатена е сума во износ од 176.090,00 ден.
- За патни и дневни трошоци потрошено е сума во износ 31.530,00 ден.
- За измирување на месечните трошоци за комунални услуги, електрична енергија и улично осветлување, греење и комуникации потрошена е сума во износ од 388.370,00 ден.
- За набавка на разни материјали потрошена е сума во износ од 42.212,00 ден.
- За поправки и одржување на службените возила на општината, одржување на зградите,објекти, како и чистење на канали, зимско одржување на улиците, плаќања за одржување на јавна чистота и јавно зеленило на подрачјето на општината потрошена е сума во износ од 444.940,00 ден.
- Плаќања по основ на договорни услуги, односно консултантски услуги, изработка на просторни и урбанистички планови, услуги за испитување на квалитетот на водата, правни услуги сума во износ од 70.570,00 ден.
- Плаќања за објава на огласи, семинари, членувања во домашни организации, расходи за репрезентација и др.оперативни расходи сума во износ од 107.334,00 ден.
- Исплати на надоместоци за плати на привремено ангажирани лица во општината сума во износ од 55.278,00 ден.
- Трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до спортски клубови исплатена е сума во износ од 130.000,00 ден.
- Исплати по основ на трансфери при пензионирање, решенија за еднократна парична помош и решенија за новородено дете – исплатена е сума во износ од 144.568,00 ден.
- Плаќања за извршени градежни работи и изработка на проекти сума во износ од 1.064.724,00 ден.

ОПШТИНА
БЕРОВО

„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:sa.berovo@t-home.mk

- Плаќања по основ на набавка на компјутерски софтвер и надомест за одземен имот сума во износ од 170.000,00 ден.

- Плаќања на дел од рата за кредит сума во износ од 368.707,00 ден.

03.06.2019 год.

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски